РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-31
09.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувана,

Агенцијата ја разгледа Вашата Претставка (наш број УПП 03-31 од 01.12.2025 г.), во којашто го изразувате Вашето незадоволство од емитувањето емисии реализирани во форма на подкаст, на програмите на ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Алфа.

Изворно, подкастот е серија од дигитални аудио или аудиовизуелни записи кои корисникот може да ги следи преку интернет по барање, односно тогаш кога сака. Најчесто се организирани како епизоди, наменети за слушање/гледање, честопати преку апликации за стриминг или платформи како YouTube, Spotify, Apple, Podcasts итн. Името е комбинација од "iPod" и "broadcast" (емитување), што ја отсликува нивната првична намена за преносливо следење.

Сепак, не постои правило или ограничување според кое - видео програма која примарно е објавена на интернет во подкаст варијанта - не може да се емитува и на телевизија, бидејќи и во двата случаи станува збор за канали на пласирање видео содржина. Иако интернетот е нивната примарна/природна средина, и телевизијата се користи како платформа за нивно емитување, најчесто од следниве причини:

- Формат на интервју: многу подкасти се состојат од длабински интервјуа со познати или стручни личности, така што форматот природно се вклопува во традиционалните телевизиски интервјуа или специјализирани емисии.
- Проширување на публиката: телевизијата нуди пристап до поширока, различна демографска публика која можеби не знае за подкастот или не користи мобилни апликации.
- Визуелна привлечност: многу подкасти се снимаат во видео формат погоден за телевизиско емитување што ги прави попривлечни за гледачите.
- Маркетинг и промоција: појавувањето на телевизија служи како маркетинг алатка, за зголемување на легитимитетот на подкастот, што може да доведе до поголема публика и негова поголема релевантна популарност на онлајн платформите.
- Финансиски можности: телевизиските договори и спонзорствата можат да обезбедат дополнителен приход и да ја направат содржината поодржлива и релевантна.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Имајќи предвид дека, согласно одредбите од член 47-а став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), уредниците, новинарите и другите автори во радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика, осмислувањето на програмската понуда е исклучиво во надлежност на самите уредништва во телевизиите. Агенцијата не смее да се меша во креирањето на програмската понуда на кој било медиум.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**